# ASSESSMENT OF THE OPPORTUNITIES OF PERSONS WITH INTELLECTUAL DISABILITY FOR INDEPENDENT LIVING IN A COMMUNITY

**Arita Agai**
University of Tetovo - Tetovo, Republic of North Macedonia, arita.agai@unite.edu.mk
**Buniamin Memedi**
University of Tetovo - Tetovo, Republic of North Macedonia, buniamin.memedi@unite.edu.mk
**Teuta Ramadani Rasimi**
University of Tetovo - Tetovo, Republic of North Macedonia, teuta.rasimi@unite.edu.mk

**Abstract:** The person is worth as much as he will produce. Production becomes a goal, and the man only a means to achieving that goal. In such an environment, the criteria of humanity are ignored, which arise from the understanding that man is the most important driver of his own development and the development of society in general. In this way, people with intellectual disabilities remain on the margins, often without the opportunity to realize basic human rights. Every person deserves happiness, and each of us is a person who has the right to an independent life with all the advantages and disadvantages. The good, as the greatest moral value and one of the main ethical notions, requires us, healthy people, either as a professionals or private individuals to be active participants and supporters of those who can not care for themselves, to be their positive emotional companions. One of the new forms of protection for persons with intellectual disabilities is the process of independent living with support in the community. Independent living is a term that implies that people can choose and make decisions about where and with whom they will live, and how they will organize their daily lives. The purpose of the program for independent living is to provide the people with disabilities with the necessary support for independent living, in accordance with their needs, desires and opportunities. It means preparing for independent living through active participation in specific life situations. The purpose of the research was to determine the attitudes of professionals and parents about the assessment of the opportunities of adults with intellectual disabilities for independent living. The quantitative data acquired from this research were analyzed by using arithmetic mean. The data variability was measured with the use of the variability-standard deviation. The differences among the groups were determined by using the t-test of statistical significance and ANOVA, and the connection of the variables was determined by using the Pierce coefficient of correlation. As an aiding mean the qualitative technique-interview, was used, in order to get more valid and more reliable results with the help of the multimethod triangulation. According to the needs of the research 127 professionals and 168 parents of adults with moderate and severe intellectual disability, whose children were accepted in the Daily Centers in the Republic of North Macedonia, were interviewed. The results generally support many conclusions, open many questions, and often suggest many solutions. Respondents in this research made many suggestions, most of which were well formulated, convincingly explained and justified.
**Keywords:** independent living in the community, professionals, parents, adults with intellectual disabilities, Daily Centers.

# ПРОЦЕНАТА НА МОЖНОСТИТЕ НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ЗА САМОСТОЈНО ЖИВЕЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦА

**Арита Агаи**
Универзитет во Тетово - Тетово, Република Северна Македонија, arita.agai@unite.edu.mk
**Буниамин Мемеди**
Универзитет во Тетово - Тетово, Република Северна Македонија, buniamin.memedi@unite.edu.mk
**Теута Рамадани Расими**
Универзитет во Тетово - Тетово, Република Северна Македонија, teuta.rasimi@unite.edu.mk

**Резиме:** Лицето вреди онолку колку што ќе произведе. Производството станува цел, а човекот само средство при постигнувањето на таа цел. Во вакво опкружување се занемаруваат критериумите на човечност и хуманост кои произлегуваат од сфаќањата дека човекот е најважниот двигател на сопствениот развој и развојот на општеството воопшто. На овој начин, лицата со интелектуална попреченост остануваат на маргините, честопати без можност да ги реализираат основните човекови права. Секое лице заслужува среќа, а секој од нас е личност кој има право на самостоен живот со сите предности и недостатоци. Доброто, како најголема морална вредност и едно од главните етички поими, ни налага нам, на здравите лица, било во

својство на стручни или приватни лица, да бидеме активни учесници и помагачи на оние кои не можат да се грижат за себе, да бидеме нивни позитивни емоционални придружници. Еден од новите облици на заштита на лицата со интелектуална попреченост е процесот на самостојно живеење со поддршка во заедницата. Самостојното живеење е поим кој подразбира дека луѓето можат да избираат и да донесуваат одлуки за тоа каде и со кого ќе живеат, и како ќе го организираат својот секојдневен живот. Целта на програмата за самостојно живеење е на лицата со пречки во интелектуалниот развој да им ја обезбеди потребната поддршка за самостоен живот, во согласност со нивните потреби, желби и можности. Таа подразбира подготовка за самостоен живот низ активно учество во конкретни животни ситуации. Целта на истражувањето беше да се утврдат ставовите на стручните лица и родителите за процената на можностите на возрасните лица со интелектуална попреченост за самостојно живеење. За опис на квантитативните податоци добиени од ова истражување се користеше аритметичката средина. За мерење на варијабилноста на податоците се користеше мерката на варијабилност-стандардна девијација. За да се утврдат разликите помеѓу групите се користеше t-тест на статистичка значајност и АНОВА, а за да се утврди поврзаноста на варијаблите-Пирсонов коефициент на корелација. Како помошно средство е употребена и квалитативна техника-интервју, за добивање на повалидни и порелијабилни резултати со помош на мултиметодска триангулација. Согласно со потребите на истражувањето се анкетирани 127 стручни лица и 168 родители на возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост чии деца се прифатени во Дневни центри во Република Северна Македонија. Добиените резултати генерално одат во прилог на многу заклучоци, отвараат многу прашања, а неретко и сугерираат на многу решенија. Испитаниците во ова истражување дадоа многу предлози и сугестии, од кои повеќето беа добро формулирани, убедливо образложени и оправдани.
**Клучни зборови**: Самостојно живеење во заедницата, стручни лица, родители, возрасни лица со интелектуална попреченост, Дневни центри.

## 1. ВОВЕД

Поимот „Самостојно живеење“ често се користи кога станува збор за лицата со попреченост. Самостојното живеење е поим кој подразбира дека луѓето можат да избираат и да донесуваат одлуки за тоа каде и со кого ќе живеат, и како ќе го организираат својот секојдневен живот (Европска мрежа за самостално становање-ENIL, 2009). Самостојното живеење и инклузивен живот во заедницата се идеи кои се историски произлезени од лицата со попреченост кои бараат да имаат контрола врз начинот на кој живеат преку создавање на зајакнувачки форми на поддршка, како што е личната асистенција и условите во заедницата да се усогласени со принципите на универзален дизајн (Конвенција за правата на лицата со попреченост 2017). Член 19 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост го признава еднаквото право на сите лица со попреченост да живеат самостојно и да бидат вклучени во заедницата, со слобода на избор и контрола врз својот живот. Основа на овој член е темелниот принцип на човековите права дека сите човечки суштества се раѓаат еднакви во достоинство и права и дека секој живот е подеднакво вреден. Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост (2006) го нагласува правото на живеење во заедницата во член 19, под наслов „Самостојно живеење и вклучување во заедницата“. Самостојното живеење и вклучувањето во заедницата е поврзано со други човекови права, како што се еднаквост и недискриминација, физички и ментален интегритет, слобода на лицето, слобода од нехуман или понижувачки третман или казна, автономија, правен капацитет, приватност, семејно право и слобода на движење. Ова право е повеќе од само збир на сите овие права и ни кажува како се организирани системите за здравство, образование, социјална поддршка и пазарот на трудот. (Council of Europe, 2012). Самостојно живеење во целост се состои од голем број на исти сместувачки капацитети, како и за општата популација,, на истите места каде што престојува општата популација, давајќи им можност на лицата со интелектуална попреченост каде и со кого да живеат, обезбедувајќи им ја потребната поддршка за учество во заедницата. (National Disability Authority, 2010: 5-6). Исто така, се дефинира како живот на лице кое живее сам или со поединци врз основа на нивниот избор, во својот дом (како сопственик на куќа или стан) или заеднички стан. Максималниот број на станари обично е четворица. Тие добиваат поддршка од нивните даватели на услуги 24 часа или помалку, во зависност од потребното ниво(Mansell, J., Beadle-Brown, J. 2010; National Disability Authority, 2010: 10). Конвенцијата е потпишана од 187 земји во светот и ратификувана од 177 земји. Во исто време, 119 земји го потпишаа Факултативниот протокол на Конвенцијата, а само 91 земја го ратификуваа. Од 28 земји на Европската унија што ја ратификуваа Конвенцијата, 22 го ратификуваа Факултативниот протокол. На 23 декември 2010 година, Европската унија официјално пристапи кон Конвенцијата, која за неа претставува прв правно-обврзувачки основен меѓународен инструмент за заштита на човековите права во која е членка. (European Union Agency for Fundamental Rights, 2018). Конвенцијата е потпишана од 187 земји во светот и

ратификувана од 177 земји. Во исто време, 119 земји го потпишаа Факултативниот протокол на Конвенцијата, а само 91 земја го ратификуваа. Од 28 земји на Европската унија што ја ратификуваа Конвенцијата, 22 го ратификуваа Факултативниот протокол. На 23 декември 2010 година, Европската унија официјално пристапи кон Конвенцијата, која за неа претставува прв правно-обврзувачки основен меѓународен инструмент за заштита на човековите права во која е членка. (European Union Agency for Fundamental Rights, 2018). Со цел да се олесни спроведувањето на Конвенцијата на ниво на ЕУ, усвоена е европска стратегија за лица со попреченост од 2010 до 2020 година. Одредени дејствија можат да бидат извршени директно од Европската комисија, за некои активности треба да се добие согласност од Парламентот и Советот, додека споделувањето на спроведувањето на одредени мерки со земјите-членки на ЕУ или оставајќи ги целосно на нив. Така, со цел да се промовира самостојното живеење и вклучување во заедницата на лица со попреченост, Европската унија споделува со земјите-членки. Според Европската стратегија, Комисијата се обврза да ја промовира употребата на структурните фондови на ЕУ за да им помогне на земјите-членки во транзиција од институционални во услуги во заедницата и да ја подигнат свеста за состојбата на лицата со попреченост што живеат во институциите за социјална грижа, особено децата и возрасните лица. (Parker i Clements, 2012). Исклучувањето на лицата со попреченост од животот во заедницата произлегува делумно од сеопфатните негативни ставови и дискриминацијата. Затоа не е изненадувачки што поимот социјална инклузија е вметнат во инструментите за човекови права, а неодамна и Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост. (Gooding, Anderson, McVilly, 2017). Со примена на Конвенцијата, можеме да видиме висок степен на политичка посветеност за подобрување на социјалната инклузија на лицата со попреченост. Сите земји кои ја ратификуваа Конвенцијата преку голем број иницијативи за политика изразуваат аспирации за подобрување на социјалната инклузија на лицата со попреченост, вклучително и лицата со интелектуална попреченост (Dickinson, 2017). Промените во современото општество, особено во последните години, како што е светската глобализација, но и новите сознанија во општесвените науки за можностите на лицата со попреченост предизвикале промена во ставовите на заедницата спрема овие лица и создале нови позитивни услови за подобрување на нивната положба во општеството (Mansell и сор., 2002, според Агаи и Петров, 2016) . Сите лица, па и лицата со интелектуална попреченост**,** покрај ограничувањата имаат и свои потенцијали и вештини. Овие лица до одреден степен можат да се грижат за себе, но им требаат повеќе инструкции и поддршка од луѓето околу нив. Мораме да им овозможиме, на лицата и на нивните родители подобро и со самодоверба да гледаат на можностите и потребите на нивното дете (Teodorovic и Levandovski, 1986). Целта на програмата за самостојно живеење е на лицата со пречки во интелектуалниот развој да им ја обезбеди потребната поддршка за самостоен живот, во согласност со нивните потреби, желби и можности. Таа подразбира подготовка за самостоен живот низ активно учество во конкретни животни ситуации (Ројевић, Берић, Ројевић, 2007). Лицата со интелектуална попреченост имаат право да бидат активни членови на заедницата, нивниот соживот со лицата без инвалидност им овозможува во целост да се развие нивниот потенцијал, особено на пријателство и блиски односи со животната средина, во кои дејствуваат толеранција и прифаќање на разликите во целото општество (Агаи и сор. 2018). Грижата за лицата со попреченост е пренесена на заедницата како целина, и тоа не е само семеен проблем. Општествата се должни да обезбедат нивно вклучување во сите сфери на животот, во границите на нивните можности. Креирањето на вистински услови за самостојно живеење е комплексен процес кој бара акција на сите политички нивоа - меѓународно, европско, национално, регионално и локално - како и вклучување на сите заинтересирани страни, вклучувајќи организации на лица со попреченост, локални власти, национални влади и европски политичари. Се нагласува улогата и придонесот кој може да го дадат институциите на Европската унија во промовирањето на самостојно живеење за лица со попреченост (Агаи, А. 2017). Затоа и една од главните цели на овој труд, е да се испитаат ставовите на родителите и стручните лица за можностите на возрасните лица со интелектуална попреченост, за извршување секојдневни активности.

## 2. МЕТОДИ

Предмет на ова истражување се разликите во ставовите на членовите на семејствата и ставовите на стручните соработници во однос на можностите на лицата со интелектуална попреченост за самостојно живеење во заедницата.

Целта на истражувањето е да се утврдат разликите во ставовите за можностите на возрасните лица со интелектуална попреченост, помеѓу родителите и стручните соработници од дневните центри и од центрите за социјална работа.

Хипотеза: Постои разлика помеѓу родителите и стручните соработници во процената на *можностите* на возрасните лица со умерена и тешка интелектуална попреченост за извршување секојдневни активности за што посамостојно живеење.
Примерокот на испитаници се состои од од 168 родители на возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост чии деца се прифатени во Дневни центри и примерок од 127 вработените во дневните центри и центрите за социјална работа во Република Северна Македонија.
За потребите на оваа истражување се употребуваат мерни инструменти, и тоа: Прашалник за процена на компетентциите на возрасните лица со умерена и тешка интелектуална попреченост од страна на родителите; Прашалник за општи информации за семејствата. Наведените мерни инструменти се конструирани за потребите на ова истражување.
Методи. За опис на квантитативните податоци добиени од ова истражување се користеше аритметичката средина. За мерење на варијабилноста на податоците се користеше мерката на варијабилност-стандардна девијација. За да се утврдат разликите помеѓу групите се користеше t-тест на статистичка значајност и АНОВА, а за да се утврди поврзаноста на варијаблите-Пирсонов коефициент на корелација. Како помошно средство е употребена и квалитативна техника-интервју, за добивање на повалидни и порелијабилни резултати со помош на мултиметодска триангулација.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Основна цел на сите активности е членовите да се оспособат за самостоен живот, да ја изградат својата личност до највисок можен степен и да бидат задоволни од она што го постигнале. Исто така, во зависност од нивните желби да можат да напредуваат, да можат да се вклучат во урбани текови на животот и да можат да живеат исто како и сите други членови на заедницата. Во нашата држава самостојното живеење со поддршка претставува активен дел од работата на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп „Порака Неготино“ од Неготино. Првата станбена единица беше отворена во 2008 година, а до крајот на 2009 година целосно се формира Служба за самостојно живеење со поддршка, која всушност е и прва од ваков тип во Р. Македонија. Овој процес е дел од Стратегијата на Република Македонија за деинституционализација на лицата со пречки во интелектуалниот развој, во периодот од 2008-2018 година. Службата им дава поддршка на лицата со ИП во изведување на сите активности од секојдневниот живот во рамки на нивното живеалиште, но и во заедницата, со цел да им се овозможи нивно осамостојување и социјална инклузија во заедницата (Порака Неготино, 2011).

***Графикон бр.1: Дали лицата со интелектуална попреченост можат да засноваат семејство?***



***Графикон бр.2: Дали лицето со интелектуална попреченост може секојдневно да оди на работа?***




Според добиените резултати (граф. бр. 1) од прашањето: *Дали лицата со интелектуална попреченост можат да засноват семејство* можеме да констатираме дека 32,7% од родителите воглавно се согласуваат, а од друга страна ги имаме ставовите на стручните соработници кај кои доминира одговорот воглавно не се согласуваат 69,4% дека лицата со ИП можат да засноваат семејство. На второто прашање: *Дали лицето со интелектуална попреченост може секојдневно да оди на работа* (граф. бр. 2) воочливи се ставовите на стручните соработници 84,2% кои потполно и главно се согласуваат, за разлика од родителите кои само мал дел 24,8% потполно и главно се согласуваат дека лицата со ИП можат секојдневно да одат на работа.

***Графикон бр.3: Дали лицата со интелектуална попреченост можат самостојно да живеат со одредена подршка?***



***Графикон бр.4: Дали можат лицата со интелектуална попреченост да припремаат едноставен доручек (намаз на леб и чај)?***




Разликите меѓу групите испитаници се големи и во изборот на одговорот на прачањето (граф. бр. 3) кое се однесува на можностите за самостојно живеење на лицата со ИП. Тука стручните соработници 100% ги истакнале своите ставови дека воглавно се согласуваат дека лицата со интелектуална попреченост попреченост можат самостојно да живеат со одредена подршка, но ставовите на родителите се разликуваат, тие само 33,3% воглавно се согласуваат на оваа прашање. Тенденцијата на различни одговори продолжува (граф. бр. 4) и по анализа на резултатите на прашањето: дали лицата со ИП да припремаат едноставен доручек (намаз на леб и чај), стручните соработници 100% ги изјасниле своите ставови дека потполно и главно се согласуваат, за разлика од родителите кои не го мислат истото, 59,5% се согласуваат, 10,7% не можат да се одлучат и 29,7 не се согласуваат дека нивните деца можат да припремат едноставен доручек.

***Графикон бр.5: Дали лицата со интелектуална попреченост можат да подготват едноставен варен оброк?***



***Графикон бр.6: Дали можат лицата со интелектуална попреченост сами да се облекуваат?***




За процена на можностите на лицата со ИП разликите помеѓу групите испитаници продолжуваат (граф. бр. 5). На прашањето: *дали лицата со ИП можат да подготват едноставен варен оброк*, родителите 29,2% се согласуваат, 22% не можат да одлучат и 48,8% не се согласуваат со прашањето, од друга страна мислењата на стручните соработници се на повисоко позитивно ниво, тие 84,2% се согласуваат и само 15,8% не можат да се одлучат дека лицата со ИП можат да подготват варен оброк. Кај дел од корисниците, според кажувањата на дел од родителите и вработени во дневните центри, се забележува дека се самостојни во приготвување и на посложени оброци пр. приготвување на секојдневен ручек (грав, леќа, пржење јајца и сл). Истите корисници се самостојни и при сортирање на продуктите кои им се потребни за да го направат истиот оброк. Со цел сите корисници да бидат вклучени во овие активности, дел учествуваат во местење на масата за јадење и местење на прибор за јадење како раскренување на масата и пребришување на трошки, приготвување на топли напитоци (како кафе, чај какао и сл). По прашањето: *дали можат лицата со ИП сами да се облекуваат*, разликите помеѓу групите испитаници не се големи, родителите 84,4% се согласуваат и само еден мал дел 15,6% не се согласуваат, а пак стручните соработници 100% се согласуваат дека лицата со ИП можат сами да се облекуваат. Стојанова С. (2012) истражувајќи ги способноститеза самопослужување кај корисниците од дневни центри во Република Македонија, доаѓа до заклучок дека 58.33 % од испитаниците со умерна интелектуална попреченост самостојно се облекуваат и соблекуваат, додека 22.22 % тоа го прават со потсетување.

***Графикон бр.7: Дали можат лицата со интелектуална попреченост да го спремаат местото за спиење?***



Во поглед на рашањето: *дали можат лицата со интелектуална попреченост да го спремаат местото за спиење?* (граф. бр. 7) добиваме различни одговори од родителите и стручните соработници. Родителите 63,1% потполно и главно се согласуваат, но сепак стручните соработници имаат повисоко позитивно мислење каде 83,2% од нив изјасниле дека воглавно се согласуваат дека лицата со ИП можат да го спремаат местото за спиење. Костиќ, В. (2014) го истражува квалитетот на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови. На прашањето дали самиот/самата одлучуваш како ќе ја уредиш својата соба, потврдно одговориле 70,8 % од испитаниците, во однос на 29.2 % кои истакнале дека не одлучуваат сами како ќе биде уредена нивната соба.
Во табела бр. 1 а/б се прикажани резултатите од статистичката анализа на податоците и направената паралелна споредбата на добиените одговори, се забележува дека има значајни разлики во ставовите помеѓу испитаниците од двете групи, односно родителите и стручните соработници во поглед на процена на *можностите* на лицата со интелектуална попреченост.

***Табела бр. 1/а. Значајност на разлики помеѓу родителите и стручните соработници за процената на можностите.***

| | Родители | | | | Стручни соработници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | Min | Max | Mean | N | Min | Max | M |
| Процената на можностите | 168 | 12,00 | 40,00 | **22,8988** | 127 | 9,00 | 24,00 | **16,0472** |

***Табела бр. 1/б. Значајност на разлики помеѓу родителите и стручните соработници за процената на можностите.***

| | N | **M** (Mean) | N | **M** (Mean) | T (*t-тест)* | Sig. - ***p*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процената на можностите | 168 | **22,89** | 127 | **16,04** | 38.846 | 0.050 |

Добиените наоди согласно ставовите на родителите и паралелно ставовите на стручните соработници во однос на *знаењата* на лицата со интелектуална попреченост покажаа дека има статистички значајна разлика меѓу двете групи испитаници. Ваквото тврдење произлегува од утврдените разлики дека се статистички значајни што се потврди со пресметаната вредност на Т - тестот кој изнесува 38,846 помеѓу двете групи испитаници, за значајност на $p = 0,050 \leq 0,05$, што пак упатува на тоа дека горенаведената хипотеза: *Постои разлика помеѓу родителите и стручните соработници во процената на можностите на возрасните лица со умерена и тешка интелектуална попреченост за извршување секојдневни активности за што посамостојно живеење се потврдува*.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во поглед на процената на можностите на возрасните лица со интелектуална попреченост за извршување секојдневни активности за што самостојно живеење различно се перцепираат од страна на родителите и стручните лица. При споредбата на ставовите на родителите и стручните лица забележително е дека истите се насочени кон поголем степен на поддршка на лицата со интелектуална попреченост но не со голем интензитет при потребата за реализирање на некои активности од секојдневното живеење. Генералниот заклучок кој произлегува од спроведеното истражување е дека постојат разлики во сите третирани аспекти меѓу родителите и стручните соработници . Ваквите согледувања укажуваат на потреба од воспоставување на квалитетни комуникациски релации, а тие се одразуваат на подобрувањето на третманот на лицата со интелектуална попреченост, што пак ќе се рефлектира на соодветно живеење на овие лица во средината во која опстојуваат. Токму ефективната комуникација и подобрената соработка ќе придонесат за зголемен квалитет на живот на возрасните лица со интелектуална попреченост. Пристапно живеење во заедницата значи постоење на услови кои на лицата со интелектуална попреченост ќе им овозможи да го остварат своето право на избор и квалитетот на сопствениот живот, што е предуслов за нивно самостојно живеење.

## ЛИТЕРАТУРА

Агаи, А., Жеков, Ж., & Петров, Р. (2018). Ставовите на родителите и стручните соработници во процената на знаењата на возрасните лица со интелектуална попреченост за живеење во заедница. 5th International scientific Institute for Special Education and Rehabilitation “Transformation towards

sustainable and resilient society for persons with disabilities”. Скопје: Филозофски Факултет – Институт за дефектологија.
Агаи, А. (2017). Способностите на лицата с увреждания от дневни центрове за живеене в общността. Докторска дисертација. Шуменски университет „Епископ Константин Преславски„. Педагогически факултет: Катедра специална педагогика.
Европска мрежа за самостално становање, (2009). ENIL, Кључне дефиниције у области самосталног становања. Retrieved from URL: http://www.enil.eu/policy/
Костиќ-Ивановиќ, В. (2014): *Квалитет на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови*. Одбранет магистерски труд. Скопје: Филозофски факултет, Институт за дефектологија.
Конвенција за правата на лицата со попреченост, (2017). Општ коментар бр. 5 за самостојно живеење и вклученост во заедницата Retrieved from URL: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/kplp_opsht_komentar_br._5_-_samostojno_zhiveenje.pdf
Порака Неготино, (2011). Информативни брошури на Центарот за помош на лицата со ментален хендикеп, Неготино: „Порака Неготино„. , Retrieved from URL: http://www.porakanegotino.org.mk
Ројевић, Г., Берић, Т., & Ројевић, И. (2007). Школа животних вештина, „Дечје срце“, Хуманитарна организација за помоћ особама са сметњама у развоју, Београд.
Стојанова, С. (2012): *Способостите за самопослужување кај корисниците на дневни центри за лица со ментална или телесна попреченост*. Одбранет магистерски труд, Филозофски факултет Скопје, Институт за дефектологија.
Agai, A., & Petrov, R. (2016). Opportunities for the adults with moderate intellectual disabilities in pursuing the everyday activities. VII Međunarodna naučno-stručna konferencija „Unapređenje kvalitete života djece i mladih“- II Dio, Tuzla, Bosna i Hercegovina, str. 243-253.
Council of Europe, (2012). The right of people with disabilities to live independently and be included in the community. Strasbourg: Council of Europe.
Dickinson, H. (2017). Disability and social inclusion: what policy messages are there in the 19 stories?. 19 Stories of Social Inclusion. Retrieved from URL https://www.19stories.org/research
European Union Agency for Fundamental Rights (FRA), (2018). Has your cinutry accepted the CRPD? Luxembourg: Publications Office of the European Union.
Gooding, P., Anderson, J., & McVilly, K. (2017). Disability and Social Inclusion ‘Down Under’: A Systematic Literature Review. Journal of Social Inclusion, 8(2).
Mansell, J., & Beadle-Brown, J. (2010). Deinstitutionalisation and Community living: Position Statement of the Comparative Policy and Practice Special Interest Research Group of International Association for the Scientific Study of Intellectual Disabilities. Journal of Intellectual Disability Research, 54 (2), 104–112, p. 105.
National Disability Authority (NDA), (2010). Models of Residential Provision for People with Disabilitie. Contemporary Developments in Disability Services Paper. Dublin: National Disability Authority.
Parker, C., & Clements, L. (2012). The European Union Structural Funds and the right to community living. The Equal Rights Review, 9 (1), 95-116.
Teodorovic, B., & Levandovski, D. (1986). Odnos roditelja prema djetetu s mentalnom retardacijom. Zagreb: Fakultet za defektologiju,.